АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1248 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 и 15 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирање и телешопинг не може да се емитува во програми за деца чие времетраење е еднакво или пократко од 30 минути)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 9 јануари 2015 година, за непочитување на член 99 став 4 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-145, 09.01.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 14 и на 15 февруари 2015 година, **констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 99 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***